Република Северна Македонија | Република е Мақедонисë së Veriut
НУ СПОМЕН КУЌА НА МАЈКА ТЕРЕЗА
IN SHTËPIA PËRKUJTIMORE E NËNËS TEREZË
Бр. / Nr. 02- 1075/1
12.12. 2025 год. / viti
СКОПЈЕ / SHKUP

Врз основа на член 36 став (1) точка 13 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, 90/20, 169/20, 265/24 и 132/25), член 56 од Законот за работните односи (Сл.весник на Република Македонија бр.62/05....124/56), член 11 став (3) од Општиот колективен договор за јавниот сектор (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.154/23), а во врска со член 19 и член 22 став (2) од Колективниот договор за културата (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.10/20) Управниот одбор на Националната установа Спомен куќа на Мајка Тереза – Скопје, на предлог на в.д.директорот на Националната установа Спомен куќа на Мајка Тереза – Скопје, на ден 12.12 2025 година, го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ПОЛАГАЊЕ НА ПРИПРАВНИЧКИ ИСПИТ И ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ПРИПРАВНИЧКИОТ СТАЖ ВО НУ СПОМЕН КУЌА НА МАЈКА ТЕРЕЗА - СКОПЈЕ

1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на организирање и полагање на приправничкиот испит како и начинот на спроведување и изведување на приправничкиот стаж согласно Програмата за полагање на приправничкиот испит на приправникот давател на јавни услуги во културата - стручен соработник и соработник во заштитата на културното наследство (во натамошниот текст: приправникот), начинот на менторска поддршка, начинот на следењето и оценувањето на приправничкиот стаж, односно оспособување за самостојна стручна работа преку совладување на програмата за професионално оспособување и начинот на спроведувањето на приправничкиот испит.

Член 2

Со приправничкиот испит се проверува способноста на приправникот за самостојно извршување на зададените задачи во рамките на стручните тимови како и способноста за самостојно вршење на работата во работниот однос.

Приправничкиот испит се полага според Програмата за полагање на приправничкиот испит на приправникот, која е дадена во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Приправничкиот испит приправникот го полага пред истек на приправничкиот стаж.

Приправничкиот стаж по правило се врши без прекин.

Во случај на оправдано отсуство од работа поради болест и повреда, спреченост од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, како и повик од надлежен орган, вршењето на приправничкиот стаж се прекинува и продолжува по завршувањето на настанот кој го предизвикал прекинот, доколку оправданото отсуство трае повеќе од 20 дена, освен во случај за време на годишен одмор.

Должината на приправничкиот стаж се утврдува во зависност од степенот на образованието и тоа за:

- IV и V степен на стручна подготовка до 6 (шест) месеци;
- VI и VII/1 степен на стручна подготовка, односно 240 кредити стекнати според ЕКТС од 6 до 12 месеци.

Член 4

За време на приправничкиот стаж лицата од членот (1) на овој правилник, се оспособуваат за самостојна стручна работа преку стекнување на основните професионални компетенции преку совладување на Програмата за полагање на приправничкиот испит.

За време на приправничкиот стаж приправникот го води/насочува ментор кој го определува директорот со посебно решение.

Ментор на приправникот кој има статус на стручен соработник во заштитата на културното наследство треба да биде вработено лице кое има звање виш кустос или советник кустос, додека за приправникот кој има статус на соработник во заштитата на културното наследство ментор може да биде стручен соработник од ист образовен профил.

Менторската поддршка претставува подготовка на приправникот за полагање на приправничкиот испит, се реализира за време на целиот приправнички стаж и се состои од изготвување на програма за поддршка, следење на реализацијата на програмата за поддршка и водење на дневник за реализација и следење на програмата за поддршка. Во дневникот за реализација и следење на програмата за поддршка се внесуваат податоци за реализирани активности, дискутирани теми и констатации за времетраење на приправничкиот стаж.

Менторот ја изготвува програмата за поддршка на приправникот, врз основа на која го упатува, му помага, ја следи работата на приправникот и подготвува извештај за совладување на основните професионални компетенции и неговата подготвеност за полагање на приправничкиот испит.

Формата, содржината и елементите на програмата односно извештајот од ставот (5) на овој член ги утврдува директорот на предлог на секторскиот раководител во чиј состав е вработен приправникот.

Исто лице може да биде ментор во исто време на најмногу двајца приправници.

Член 5